## Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТЕОРИЈА И ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДЕЛОВНИ СИСТЕМИ И ЕКОНОМИКА НА ИНДУСТРИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И БИЗНИС ЛОГИСТИКА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр.2102-79/03 од 6.2.2018 година, донесена на Наставно- научниот совет на Факултет за туризам и бизнис логистика, одржан на 6.2.2018 година, определени сме за членови на нова Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област ***теорија и организација на деловни системи и економика на индустрија*** на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниоv состав:
- доц. д-р Дарко Лазаров – претседател;
- доц. д-р Душко Јошески – член;
- проф. д-р Мичо Апостолов – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” на 26.9.2017 година и во предвидениот рок се пријавија двајца кандидати: д-р Катерина Кареска, доктор на економски науки и д-р Атанас Џуровски, доктор на економски науки. Пријавите на двајцата кандидати внимателно беа разгледани, при што беше констатирано дека кандидатката д-р Катерина Кареска има приложено комплетна документација согласно со Конкурсот, додека кандидатот д-р Атанас Џуровски има доставено некомплетна документација. Имено, кандидатката д-р Катерина Кареска ги има доставено сите документи согласно со Конкурсот: 1) Одлука за стекнат научен степен доктор на економски науки (еден примерок оригинал и три копии заверени кај нотар); 2) Уверение за положени испити на прв циклус студии; 3) Уверение за положени испити на втор циклус студии; 4) Кратка биографија; 5) Список на објавени научни и стручни трудови и по еден примерок од трудовите; 6) Потврда за служење со странски јазик, копија заверена кај нотар; 7) Препораки од двајца професори; 8) Примерок од докторска дисертација; 9) Уверение за државјанство. Кандидатот д-р Атанас Џуровски не доставил соодветен број копии од дипломата за завршено соодветно образование (одбранета докторска дисертација) заверени на нотар, доставил нецелосна информација за меѓународните публикации во кои се објавени неговите трудови и не доставил примерок од одбранетата докторска дисертација (не е можно отворање на електронскиот примерок од дисертацијата).

Врз основа на претходно наведеното, како членови на Комисијата ја оценувавме единствено приложената документација на кандидатката д-р Катерина Кареска и имаме чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип да го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Катерина Кареска** е родена на 4.12.1984 година во Прилеп. Средно образование завршува во гимназијата „Мирче Ацев“ – Прилеп, со одличен успех, а во 2003 година се запишува на Економски факултет во Прилеп при Универзитет „Св. Климент Охридски“ – Битола, на студиската програма Економија на претпријатија, каде што дипломира во 2007 година со просечна оценка 8,07 и се стекнува со стручен назив дипломиран економист. Во 2009 година кандидатката Кареска се запишува и како вонреден студент на Педагошкиот факултет – Битола, за педагошка доквалификација и истата година се стекнува со стручен назив наставник за средно образование.

Во 2007 година се запишува на постдипломските студии на Економски факултет – Прилеп на студиската програма Бизнис администрација – МБА менаџмент. Студиите

ги завршува со просечна оценка 8,80. На 25.8.2011 година успешно го одбранува магистерскиот труд со наслов „Управување со квалитетот и контролата како фактори на успех во производно претпријатие“ и се стекнува со научен степен магистер по бизнис администрација – МБА менаџмент.

Во 2011 година се запишува на докторски студии на Економски институт при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје на студиската програма Организациони науки и менаџмент. На 20.2.2015 година со успех ја одбранува докторската дисертација под наслов „Интеграциски пристап на целосното управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите“ и се стекнува со научен степен доктор на економски науки.

Во својот едукативен и професионален развој има посетувано обуки и семинари од повеќе области, каде што се стекнува со сертификати од повеќе области:

- Диплома за менаџирање на ЕУ проекти;
- Кариерните перспективи и женското претприемништво во Република Македонија;
- Менаџмент и развој на човечки ресурси;
- Креирање на млади лидери на третиот сектор на управување со државата и др.

Кандидатката д-р Катерина Кареска учествува на повеќе семинари, собири, конференции во земјава и во странство, а член е и на Друштвото за наука и уметност – Прилеп и Македонското научно друштво – Битола. Кандидатката д-р Катерина Кареска е ангажирана од страна на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип како експерт од праксата и во академската 2016/2017 година реализира предавања во рамките на неколку предмети (Производствен менаџмент, Менаџмент информациони системи и Маркетинг менаџмент) кои се од областа на менаџментот и организациските науки на кампусот во Штип и во Кочани.

***Законски услови што треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент:***

1. *Доктор на науки од научната област во која се избира:* Кандидатката д-р Катерина Кареска е доктор на економски науки, со одбранета докторска дисертација на тема „**Интеграциски пристап на целосното управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите**“;
2. *Остварен просечен успех од најмалку осум на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно:* Кандидатката д-р Катерина Кареска има просек од 8,07 на додипломски студии и 8,80 на постдипломски студии;
3. *Објавени најмалку пет научноистражувачки трудови во соодветната област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации или три научни труда во научно списание со импакт фактор во последните пет години:* Кандидатката д-р Катерина Кареска има издадено четири научни трудови во меѓународни публикации (научни зборници од меѓународни конференции) и една меѓународна книга.

**Приказ на докторската дисертација**

Докторската дисертација на кандидатката Катерина Кареска со наслов „*Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите*“ е содржана на 331 страница текст, секоја тема покриена со посебни согледувања, со голем број на шематски прикази, табели, графикони и илустрации, поткрепено со најнови сознанија од оваа област, кои кандидатката ги црпи, пред сè, од странската литература - книги и научни трудови, поврзани со предметот и целите на истражувањето.

Докторската дисертација „*Интеграциски пристап на целосно управување со квалитетот за стекнување конкурентска предност на организациите*“ на кандидатката Катерина Кареска преку еден методолошки фундиран-системски пристап ги проверува, ги проширува и ги продлабочува постојните и стекнува нови научни сознанија во областа на економијата и менаџментот. Притоа, основна задача е да се воспостави тесна врска меѓу теоријата и практиката во доменот на интеграцискиот пристап на целосното управување

со квалитетот заради стекнување конкурентска предност, со партикуларен осврт на Република Македонија.

Истражувањето во трудот покажа дека интеграцискиот пристап на целосното управување со квалитетот како современ концепт на работење во организациите претставува постепен, систематски и континуиран процес со цел постигнување на долгорочен развој и напредок во работењето што доведува до стекнување на конкурентска предност.

Од целокупното истражување, кандидатката посочува дека кај организациите во Република Македонија мора да постои континуирано, проактивно и иновативно ангажирање на врвниот менаџмент и сите вработени во организациите за целокупно остварување на визијата, мисијата и стратегијата. Преку истражувањето е утврдено дека квалитетот како визија на иднината треба да биде основа за задоволување на очекувањата, желбите и потребите на купувачите. Од огромна важност е укажувањето на кандидатката за значењето на менаџирањето со квалитетот и придонесот за подобрување на квалитетот на производот и услугата, како и за целокупен успех на деловното работење кај организациите.

Дисертацијата претставува значаен придонес за афирмација на организациските науки - како во полето на научното третирање на проблематиката на стратегискиот менаџмент, производниот менаџмент, така и на општиот менаџмент. Таа има солидно познавање и добро владее со методологијата на научноистражувачката работа, како во конципирање на појдовната теориско-методолошка рамка, така и во формулирањето на добиените резултати од истражувањето, што се темели врз доследна примена на основните епистемолошки начела: сеопфатност, систематичност, постепеност, аналитичност, објективност, логичност и способност за воопштување.

**Приказ на меѓународните научни публикации**

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Публикација | Год. на излегување на списанието/ публикацијата |
|---|---|---|---|---|
| *Меѓународни публикации (зборници од меѓународни научни конференции)* | | | | |
| 1 | Катерина Кареска | **Efective leadership – one of the principles of total quality management for acquiring competitive advantage of organizations in the Republic of Macedonia** | International may conference on strategic management Proceeding, University of Belgrade, Technical Faculty of Bor, 2014 ISBN: 978-86-6305-019-8 | 2014 |
| 2 | Катерина Кареска | ***Основни концепти тоталне контроле квалитета у циљу стицања конкурентске предности предузе}а*** | International may conference on strategic management Proceeding, University of Belgrade, Technical Faculty of Bor, 2012 ISBN: 978-86-80987-96-5 | 2012 |
| 3 | Катерина Кареска | **Целосно управување со квалитетот - современ концепт на менаџментот за стекнување конкурентска предност на организациите во Република Македонија** | International scientific coneference proceeding, BAS Institute for Management - Bitola, 2015 ISBN: 978-608-4729-03-7 | 2015 |
| 4 | Катерина Кареска | **Менаџерска перспективи во управувањето со човечки ресурси како фактор за одржлива компаниска конкурентност** | International scientific coneference proceeding, BAS Institute for Management - Bitola, 2013 ISBN: 978-608-4729-03-7 | 2013 |

| *Меѓународни публикации (меѓународни книги)* | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5 | Катерина Кареска | **New Industrial and Business Approach for Competitive Advantage** | LAP LAMBERT Academic Publishing ISBN-10: 620202657X | 2017 |

Во продолжение следи листа на научноистражувачките трудови на кандидатката, класифицирани според припадноста во меѓународни научни публикации (зборници од меѓународни научни конференции и меѓународни книги), зборници во земјава и стручни списанија, меѓународни научни списанија, согласно со критериумите дефинирани во Законот за високо образование и Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

***Трудови објавени во меѓународни научни публикации (зборници во меѓународни научни конференции и меѓународни книги):***

**Евалуација на трудот бр. 1**

Катерина Кареска: **Efective leadership – one of the principles of total quality management for acquiring competitive advantage of organizations in the Republic of Macedonia**

Во овој труд фокусот на внимание авторката го става на воведувањето користење на ефективно лидерство за целосно управување со квалитетот во организациите. Во обезбедување и имплементација на системот за квалитет во организациите, улогата на лидерот е од исклучително значење и од тие причини не треба да нè изненадува фактот дека лидерството е клучен интеграциски принцип на ефективниот менаџмент.

Во современи услови на работење, имплементирањето на TQM концептот не само што подразбира нов начин на делување, туку и имплментирање на ефективно лидерство. Доколку компаниите во Р. Македонија го прифатат овој концепт во доменот на своето работење, ќе можат успешно да настапат и на странските пазари, стекнувајќи конкурентска предност.

Трудот е објавен во зборникот на трудови од Меѓународната мајска конференција за стратегиски менаџмент, Технички факултет – Бор, Универзитет во Белград, 2014 г.

**Евалуација на трудот бр. 2**

Катерина Кареска: **Основни концепти тоталне контроле квалитета у циљу стицања конкурентске предности предузе}а**

Во обработка на оваа проблематика, д-р Кареска го разработува TQC - тотална контрола на квалитетот со цел стекнување конкурентска предност на компаниите. Квалитетот, сам по себе, нема да се оствари доколку истиот не се интегрира низ активностите кои ќе придонесат кон неговото остварување. Ист таков квалитет не би се реализирал доколку не постои и негова контрола. Затоа менаџментот на секое претпријатие е должно да создаде соодветни услови за остварување на квалитетот, но и да ја интегрира контролата во целокупниот процес.

Трудот е објавен во зборникот на трудови од Меѓународната мајска конференција за стратегиски менаџмент, Технички факултет – Бор, Универзитет во Белград, 2012 г.

**Евалуција на трудот бр.3**

Катерина Кареска: **Целосно управување со квалитетот - современ концепт на менаџментот за стекнување конкурентска предност на организациите во Република Македонија**

Во овој труд се анализира едно мошне важно гледиште на процесот на имплементирање на целосно управување со квалитетот во организациите, заради стекнување конкурентска предност. Со интегрирање на основните принципи на целосно управување ос квалитетот организациите почнуваат да ги чувствуваат придобивките и позитивните ефекти од користењето на истиот. Примената на овој концепт не значи негово воведување преку ноќ,

тутку постепен, систематски и континуиран процес со цел постигнување на долгорочен развој и напредок во работењето и успешен настап на пазарот што ќе доведе до стекнување на конкурентска предност.

Трудот е објавен во зборникот на трудови од Меѓународната научна конференција за современи менаџерски предизвици и организациски науки, БАС Институт за менаџмент - Битола, 2015 г.

**Евалуација на трудот бр. 4**

Катерина Кареска: **Менаџерска перспективи во управувањето со човечки ресурси како фактор за одржлива компаниска конкурентност**

Во овој труд авторката ја нагласува улогата на менаџментот и менаџирањето на човечките ресурси во компаниите. Денес управувањето со компаниите добива исклучително нова димензија. Трендот на глобализација т.е. создавањето единствен пазар ја диктира потребата компаниите да имплементираат нови начини, методи и концепти во своето работење. Компаниите кои сакаат да бидат конкурентни треба перманентно да ги следат современите бизнис практитки. Ваквата тенденција претставува укажување на менаџментот за неопходноста од управувањето со човечки ресурси.

Трудот е објавен во зборникот на трудови од Меѓународната научна конференција за современи менаџерски предизвици и организациски науки, БАС Институт за менаџмент - Битола, 2013 г.

**Евалуација на трудот бр. 5**

Катерина Кареска: **New Industrial and Business Approach for Competitive Advantage**

Дваесет и првиот век означува нагласена диференцијација на бизнис организациите анализирани од различни аспекти. Тоа е период на создавање на модерни бизнис организации кои почнувајќи од сопствените цели се темелат на нивното модерно функционирање, како на домашниот, така и на меѓународните пазари. Работата на организациите реализирани низ сферата на принципите на современиот менаџмент и современиот бизнис денес е наметната како основа за проширена репродукција и текови во општеството. Во таа смисла, значењето на темите кои се обработуваат во работата е корисно, објективно и од голем интерес за менаџерите од различни нивоа, со цел да се добие конкурентна предност. Оваа книга претставува сублимат на однесувањето на организациите во Република Македонија и како тие се соочуваат со конкуренцијата. Спроведената анлиза во рамките на трудот поврзани со начинот како бизнис организациите ги креираат своите конкурентската предност дава насока за тоа како бизнис организациите можат да ги постигнат своите цели на максимизирање на профитот преку подобрување на производните и организациските перформанси во работењето.

Книгата е објавена во LAP LAMBERT Academic Publishing во 2017 година.

**Трудови со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни списанија**

**Евалуација на трудот бр. 6**

Катерина Кареска: **Challenges in modern management and modern business that Macedonian organizations face in gaining competitive advantage**

Крајот на 20 и почетокот на 21 век го означува почетокот на новата „динамична ера” на бизнисот. Постојаните брзи промени, брзиот индустриски развој и глобализацијата поттикнуваат ново размислување за начинот на дејствување на организациите и нивните функции со цел да се здобијат со конкурентна предност. Модерен менаџмент и современи бизниси се основа за изградба на успешна организација која ќе биде конкурентна на пазарот. Модерната „раководна револуција“, која моментално се случува, ги принудува менаџерите во организациите да користат посовремени средства и методи на управување кои ќе одговорат на тековните предизвици. Конкурентната предност се постигнува од оние организации кои се подготвени за радикални промени и кои применуваат методи и концепти на постојано подобрување. Одржлива конкурентна предност се постигнува од организации кои значително се издвојуваат, во смисла на конкуренција, односно организации кои се

способни да ги зголемат своите перформанси во работењето преку примена на иновативни техники, развивање на нови супериорни производи и нудење услуги за градење на силен бренд и позитивен имиџ преку марктеинг и промотивни активности. Трудот е објавен во Journal of Economics, Vol.1, Issues 2. ISSN 1857-9973.

**Евалуација на трудот бр. 7**

Катерина Кареска: **Aspects of Competitiveness - Achieving Competitive Advantage of Organizations in Macedonia**

Поимот конкурентност во современиот бизнис добива сè поголемо значење. Најдолемиот предизвик со кој се соочуваат компаниите е како да се стекнат конкуретски предности на пазарот. Процесот на глобализација на трговските и финансиските текови, како и отворањето на економија преку политиките за привлекување на СДИ, создаваат услови за зголемување на конкурентноста и на македонските компании кои имаат претензии да извезуваат на странските пазари. Истражувањето направено во овој труд придонесува кон подобро разбирањето на потребата и важноста на процесот на градење на конкуретски предности и процесот на имплементација на создавање конкурентни перформанси на организациите. Резултатите од истражувањето треба да им помогнат на организациите во Република Македонија подобро да ја разберат сегашната состојба која ги обликува потребите за реинженеринг и прифаќање на еден нов систем на деловно работење и деловни стратегии насочени кон меѓународните пазари, човечки ресурси како доминантен фактор во зголемување на продуктивноста, примена на современи управување, маркетинг, електронско работење, зајакнување на взаемната доверба, претприемачки дух и ориентација кон иновации.

Трудот е објавен во Journal of Economics, Vol.1, Issues 2. ISSN 1857-9973.

**Евалуација на трудот бр. 8**

Катерина Кареска: **The Role of Planning as a Fundamental Management Function for Achieving Effectiveness in Business Organizations**

Главната цел на трудот е да се испита процесот на планирање како една од основните функции и алатка во процесот на менаџирање. Покрај тоа, трудот дава преглед на сите предности на системот за ефикасно планирање како главен предуслов за постигнување најдобри резултати во работењето на компаниите. Планирањето е процес на поставување на целите на компаниите, правење претпоставки за деловното опкружување во кое тие цели треба да се реализираат и да се направи избор на активностите, средствата и начините за постигнување на тие цели. Всушност, планирањето е системска активност која одредува кога, како и кој ќе ги изврши работните активности. Всушност, планирањето е процес кој менаџерите ги применуваат за да идентификуваат и да изберат соодветни цели и насоки за акција во рамките на организацијата. Од друга страна, планот е листа на чекори и процедури за користење на време и ресурси за постигнување на поставените цели. Фактот што системот за планирање има значајни предности за организациите укажуваат на тоа дека секоја деловна организација треба да вклучи планирање на сите нивоа на управување, со цел да се направи квалитетна стратегија. Соодветно на тоа, постои: оперативно планирање, тактичко планирање, стратешко планирање и контингентно (мултивитарно) планирање. Независно од тоа што планира компанијата, не е лесна работа да се обиде да го спроведе тоа. Оттука, ефективноста во правењето на добар систем за планирање како чекор кон создавање на најдобра корпоративна стратегија е од суштинско значење за постигнување на најдобри деловни резултати. Всушност, системот за планирање ја минимизира неизвесноста, ја олеснува координацијата, ги подобрува моралните принципи, ја зголемува ефективноста и ефикасноста, и ја олеснува контролата.

Трудот е објавен во Operations Strategy eJournal, Vol.10, Issues 16.

**Евалуација на трудот бр. 9**

Катерина Кареска: **Innovation approach as a New Business Paradigm of Total Quality Management: The Case of Macedonia**

Спроведувањето на целосното управување со квалитетот како нов бизнис пристап е фундаментален процес во остварувањето на конкурентска предност. Главната цел на овој труд е да ги истражи ефектите на управувањето со квалитет во процесот на постигнување на конкурентска предност во македонските компании. За да се постигне главната цел на трудот, спроведена е анкета на примерок од 38 компании претежно лоцирани во Општина Прилеп (еден од најголемите градови во Македонија). Покрај тоа, емпириската анализа во овој труд се обидува да открие дали има значителни разлики во позицијата на пазарот и успешноста во бизнисот на фирмите што го спроведуваат овој пристап, наспроти оние компании кои сè уште немаат имплементирано ваков вид на систем за управување со квалитет. Конечно, трудот се обидува да истражи колку е важен пристапот за иновации за компаниите во контекст на спроведување на пристапот за управување со квалитет. Добиените резултати од емпириското истражување покажуваат дека фирмите се свесни за потенцијалните придобивки што ги нуди овој модерен бизнис и концепт за управување, а нивните менаџерски тимови се подготвени да применат целосен систем за управување со квалитет во нивното работење. Тие исто така знаат дека овој нов бизнис концепт е од суштинско значење ако тие имаат тенденција да станат лидери на локалниот и странскиот пазар.

Трудот е објавен во Enterpreneurship & Economics eJournal, Vol.12, Issues 63.

**Евалуација на трудот бр. 10**

Катерина Кареска: **Empirical analysis of Labor Market in Republic of Macedonia: An overview of Government Policy**

Основна цел на трудот е да ја анализира состојбата на пазарот на трудот во Република Македонија преку анализа на структурата на невработените врз основа на образование, род, возрасна група и други атрибути. Трудот обезбедува емпириска анализа за трендот на невработеност во Република Македонија во изминатиот период и анализа кои се причините за невработеноста. Во таа насока, трудот ја анализира врската помеѓу стапката на невработеност и стапката на економски раст преку примена на регресиона анализа (МНК) во периодот од 1996 до 2015 година. Добиените резултати укажуваат дека корелациската врска е негативна и статистички значајна, што практично е во согласност со постоечката економска теорија. На крај, трудот се обидува да ги систематизира политиките кои во изминатиот период се преземени во насока на намалување на невработеноста и ефектите кои тие политики ги имале во контекст на осварување на целта за намалување на стапката на невработеност. Трудот заклучува дека и покрај намалувањето на стапката на невработеноста во изминатиот период, сепак потребни се дополнително многу реформи и политики кои треба да бидат направени со цел дополнително намалување на невработеноста на некое прифатлливо ниво. Во тој контекст, најдобри политики за намалување на невработеноста се политиките кои ќе бидат насочени кон забрзување на економскиот раст и подобрување на продуктивноста на економијата. Се разбира, подобрување на квалитетот на образованието е најзначајниот предизвик за остварување на таа цел.

Трудот е објавен во European Economics: Labor & Social Conditions eJournal, Vol.11, Issues 107.

**Евалуација на трудот бр. 11**

Катерина Кареска: **Human Development and Quality of Life in Republic of Macedonia**

Главната цел на трудот е да се испита врската помеѓу економскиот раст и човековиот развој во Република Македонија. Концептот за човековиот развој и квалитетот на животот е поширок концепт од економскиот раст, што значи дека економскиот раст не секогаш го промовира човечкиот развој и квалитетот на животот. Оттаму, главната цел на трудот е да ги истражуваме главните канали преку кои економскиот раст промовира човечки развој во Република Македонија и да ја пресметка корелациската врска помеѓу економскиот раст и човечкиот развој. Индексот на човечкиот развој е пресметан со примена на стандардната методологија, при што корелацијата помеѓу индексот на човековиот развој и годишната стапка на раст е пресметана со примена на регресиона анализа и методи на најмали квадрати. Резултатите од истражувањето водат до заклучокот дека постои статистички значајна

корелација помеѓу економскиот раст и човековиот развој во Република Македонија, што значи дека најефикасен начин за промовирање на човековиот развој е да се забрза економскиот раст.

Трудот е објавен во Development Economics: Women, Gender & Human Development eJournal, Vol.6, Issues 119.

**Евалуација на трудот бр. 12**

Катерина Кареска: **Empirical Analysis of Poverty Determinants in Republic of Macedonia**

Сиромаштијата е еден од најсериозните проблеми со кои се соочува светот. Оттука, намалувањето на сиромаштијата е главен приоритет на меѓународната политика и агендата на многу меѓународни и финансиски организации, како што се Светската банка, а особено Обединетите нации. За илустрација, намалувањето на сиромаштијата е главен приоритет на Милениумските развојни цели на Обединетите нации. Ситуацијата со сиромаштијата во Република Македонија не е значително различна, така што намалувањето на сиромаштијата е еден од главните приоритети на Република Македонија. Како резултат на владината активна улога преку многу програми, мерки и активности, стапката на сиромаштија во Република Македонија е намалена од 30% во 2006 година на 21,5% во 2015 година. Трудот емпириски ја истражува сиромаштијата во Република Македонија и се обидува да одговори на прашањето кои се главните детерминанти на високата стапка на сиромаштија во земјата со примена на економетриски модел VAR (Vector Auto Regression). Главната цел на трудот е да анализа како економскиот раст, стапката на невработеност и стапката на упис во средно училиште влијаат на стапката на сиромаштија. Добиените резултати од истражувањето во рамките на трудот покажуваат дека економските активности и уписот во средното образование ја намалуваат стапката на сиромаштија, додека постои негативна корелација помеѓу стапката на сиромаштија и стапката на невработеност. Дополнително, емпириската анализа на сиромаштијата покажува дека најранливите лица, групи и домаќинства се најмладите лица, домаќинствата со две возрасни лица со две, три или повеќе деца, невработени и други неактивни лица и домаќинства без социјални трансфери. Конечно, трудот ги сумира владините политики, акции и мерки за намалување на сиромаштијата.

Трудот е објавен во Development Economics: Macroeconomic Issues in Development Economies eJournal, Vol.6, Issues 142.

**Евалуација на трудот бр. 13**

Катерина Кареска: **Gender Equality in the Labor Market in the Republic of Macedonia**

Состојбата на родова еднаквост на пазарот на трудот е феномен кој континуирано се здобива со зголемено значење, како во Европската Унија така и во Република Македонија. Родовата еднаквост во Република Македонија е законски загарантирана со Уставот, од 1991 година и се смета за основно човеково право и една од најважните цели и приоритети на државата. Родовата интеграција и балансираното учество на мажите и жените на пазарот на трудот претставуваат клучен показател за идните ефекти и иницијативи на политиките наменети за подобрување на социјалната егзистенција. Истовремено, вработувањето како поединечен елемент на економскиот систем во Македонија се карактеризира со голема незгодна родова структура поради нестабилното социоекономско опкружување во земјата и нееднаквостите на достапните и бараните профили на пазарот на трудот. Целта на овој труд е да се направи конкретно набљудување и анализа на моменталната состојба на пазарот на трудот и позицијата на родова еднаквост. Во рамките на трудот се дадени одредени препораки до носителите на економските политики за идните насоки на политиките поврзани со пазарот на труд, посебно во делот на родовата еднаквост. Главната цел е да се обезбеди полесен пристап до пазарот на труд, еднаков третман на мажите и жените, постигнување повисока стапка на вработеност, намалување на невработеноста и обезбедување на пристојни услови за работа.

Трудот е објавен во Labor & Human Capital eJournal, Vol.9, Issues 114.

***Трудови со оригинални научни резултати објавени во домашни научни списанија и зборници***

**Евалуација на трудот бр. 14**

Катерина Кареска: **Родова еднаквост на пазарот за труд во Република Македонија**

Во разраработката на овој труд, авторката своето внимание го насочува кон родовата еднаквост на пазарот на труд. Родовата интеграција и избалансираниот удел на мажите и на жените на пазарот на трудот претставува круцијален индикатор за понатамошно делување и иницирање на политики кои ќе го подобрат општественото живеење. Целта на трудот е насочена кон моменталната состојба и анализа на пазарот на труд и позиционираноста на родовата еднаквост, како и потребата да се дадат препораки до носителите на одлуки за тоа во која насока треба да се креираат политиките поврзани со пазарот на труд и другите корелативни политики.

Трудот е објавен во научното списание ПРИЛОЗИ, Македонско научно друштво – Битола, 2012 г.

**Евалуација на трудот бр. 15**

Катерина Кареска: ***Реинженеринг на работите процеси***

Реинженерингот на работните процеси се дефинира како темелен и радикален редизајн на истите заради постигнување подобри резултати и перфоманси, смалување на трошоците, зголемување на квалитетот, продуктивноста, цените, услугите, брзината (времети) итн. Реинженерингот е процес кој ја менува организациската култура, креира нови процеси, нови системи, нова структура и нови начини на промените и влијае врз успехот на организациите. Авторот ја потенцира потребата од реинженеринг, како повторен почеток, т.е. обид целата работа да се работи на друг начин различен од начинот на работа што дотогаш се применувал. Од тие причини, да се направи пресврт во една организација во кризен период е исклучително тешка работа која бара посебни залагања на менаџментот.

Трудот е објавен во зборник на трудови на Друштвото за наука и уметност – Прилеп, 2010/2011 г.

**Евалуација на трудот бр. 16**

Катерина Кареска: **Современи концепти на менаџментот за стекнување конкурентска предност на организациите**

Анализата на трудот е насочена кон современите концепти на менаџмент за стекнување конкурентска предност на организациите. Во современи услови на остра конкуренција, секоја организација има за цел преку менаџментот да обезбеди постојан раст и развој. При остварувањето на оваа цел, организациите мора да ги задоволат различните интереси од различни групи, како што се на пример: сопствениците на организациите, вработените, добавувачите, потрошувачите, владините институции и општеството во целина. Современиот менаџмент нуди нови, современи концепти на работење кои не само што ќе го подобрат целокупниот процес на работа, туку ќе овозможат и стекнување конкурентска предност. Современиот пристап со примената на своите современи концепти ќе овозможи поголема ефикасност, зголемен квалитет, креирање на нови и подобри производи / услуги преку процесот на иновација, зголемана одговорност кон купувачите итн.

Трудот е објавен во зборник на трудови на Друштвото за наука и уметност – Прилеп, 2010/2011 г.

**Евалуација на трудот бр. 17**

Катерина Кареска: **Планирање - примарна функција на менаџментот за остварување ефективно и ефикасно работење во организациите**

Фокусот на внимание во овој труд е насочен кон планирањето, како примарна функција на менаџментот. Доколку нема планирање, организацијата ќе се соочи со нарушување, конфузија, несигурност, а со тоа ќе придонесе и кон неефикасно и неефективно планирање. Затоа, менаџментот на секоја организација има за примарна задача да ги користи расположливите ресурси на најдобар начин за да се остварат поставените цели, а со тоа

и поголема ефикасност и ефективност. Преку планирањето менаџментот настојува да ги утврди визијата, мисијата и целите на организацијата, да се формулираат стратегиите за остварување на целите, да се развијат планови, како и нивна имплементација. Планирањето не може да ги реши сите проблеми на менаџментот, но општоприфатливо е дека со добар план половина од работата е завршена.

Трудот е објавен во научното списание ПРИЛОЗИ, Македонско научно друштво – Битола, 2011 г.

**Евалуација на трудот бр. 18**

Катерина Кареска: ***Total Quality Mangement (TQM) - посебен метод за управување со квалитетот***

Барањето на квалитет е старо колку што е стара и човековата цивилизација и човечкиот род. Воопшто не е лесно да се дефинира квалитетот, но факт е дека квалитетот е клучен фактор за опстанок и иден развој на секоја организација, како и еден од најважните фактори за успешно настапување на динамичните пазари. Во современи услови на силна конкуренција, секоја организација има за цел, преку менаџментот, да обезбеди постојан раст и развој. Своите цели ќе ги оствари само преку висок квалитет на производите / услугите што ги нуди и на тој начин да стане конкурентна.

Квалитетот економски се изразува низ профитот, што е највисока цел на секоја организација. Значи, и постоењето и не постоењето на квалитетот директно влијаат на профитот. Квалитетот на производите и работните процеси, како и постојното подобрување на работната пракса е перманентна и стратегиска цел на секоја организација. Барањата и задоволството на купувачите и потрошувачите, но и останатите заинтересирани страни (сопственици, вработени, добавувачи) мора да бидат избалансирани и системски управувани.

Преку TQM се овозможува целата организација (сите функции и вработени) да учествуваат во подобрување на процесот, а тоа ќе овозможи и остварување на квалитет. Но се разбира, тука треба да бидат вклучени и соодветни ИСО стандарди за квалитет.

Трудот е објавен во научното списание ПРИЛОЗИ, Македонско научно друштво – Битола, 2011 г.

**Професионално усовршување на кандидатот**

Во својот едукативен и професионален развој д-р Катерина Кареска има посетувано стручни обуки, семинари и работилници од областа на економијата и менаџментот, каде што се стекнува со сертификати од повеќе области:

– Диплома за менаџирање на ЕУ проекти;
– Кариерните перспективи и женското претприемништво во Република Македонија;
– Менаџмент и развој на човечки ресурси;
– Креирање на млади лидери на третиот сектор на управување со државата и др.

Во рамките на програмата Интерег 3, д-р Катерина Кареска ја следи и двегодишната едукативна програма на Економскиот факултет во Прилеп, 2007/2008 г. каде што се стекнува со сертификат Scientific staff of the Department of the Balkan Studies of the University of Western Macedonia. Таа учествува на многу други стручни семинари, собири и конференции во земјава и во странство, а член е и на Друштвото за наука и уметност – Прилеп и Македонското научно друштво – Битола.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование и врз основа на Правилникот за единствените критериуми за избор во наставно-научни, наставни и научни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и врз основа на приложената документација, Комисијата констатираше дека пријавената кандидатката за избор на еден наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област *теорија и организација на деловни системи и економика на индустрија*, на Факултет за туризам и бизнис логистика при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, Комисијата констатира дека д-р Катерина Кареска во целост ги исполнува барањата на Конкурсот.

Оценувајќи ги постигнатите резултати во текот на образованието и досегашното работно искуство на кандидатката, Комисијата го констатира следново:

1. Кандидатката д-р Катерина Кареска има одбрането докторска дисертација од соответната областа во која е распишан Конкурсот за избор наставник во насловно звање доцент.

2. Од списокот на објавените научноистражувачки и стручни трудови и нивната содржина, Комисијата утврди дека кандидатката д-р Катерина Кареска има објавено четири труда во меѓународни публикации (зборници од меѓународни научни конференции) во соодветната областа во која е распишан Конкурсот и една меѓународна книга во областа на менаџментот. Дополнително, Комисијата констатира дека д-р Катерина Кареска во еден подолг временски период пројавува научноистражувачки интерес со публикување на научни трудови во домашни и меѓународни научни списанија и зборници и учество на меѓународни научни конференции.

3. Кадидатката д-р Катерина Каревска има постигнато значаен успех на прв и втор циклус студии, кои студии целосно кореспондираат со областа во која е распишан Конкурсот.

4. Кандидатката д-р Катерина Каревска била избрана како предавач на Економски факултет каде што одржала предавања на неколку предмети во академската 2016/2017 година, предмети кои се целосно адекаватни со областа во која е распишан Конкурсот и на тој начин покажала исклучителни образовни и академски перформанси.

Врз основа на изнесеното во извештајот, а во согласност со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“– Штип”, Рецензентската комисија заклучи дека кандидатката д-р Катерина Кареска ги исполнува во целост законските основи и предвидените услови според Конкурсот за избор наставник во насловно звање доцент за наставно-научната област *теорија и организација на деловни системи и економика на индустрија*.

**Оттаму, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да ја избере д-р Катерина Кареска во насловно звање доцент за наставно-научната област *теорија и организација на деловни системи и економика на индустрија.***

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц. д-р Дарко Лазаров, претседател,**
**доцент на Економски факултет,**
**Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Доц. д-р Душко Јошески, член,**
**доцент на Факултет за туризам и бизнис**
**логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**
**Проф. д-р Мичо Апостолов, член,**
**вонреден професор на Факултет за туризам и**
**бизнис логистика, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.**

**ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ**
(д-р Катерина Кареска)

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **Р. бр** | **Научноистражувачка дејност и стручно уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **2.** | **Дел од монографија или научна книга (Позитивно рецензирана скрипта од предавања, збирка задачи или практикум)** (р.б. 5) | | | 1 | 15 | **15** |
| **4.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во научно списание опфатено во ЦА** (р.б. 6-13) | | | 8 | 3 | **24** |
| **5.** | **- Труд со оригинални научни резултати објавени во меѓународни научни публикации** (р.б.1-4) | | | 4 | 2 | **8** |
| **5.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови на научен собир** | | | | | |
| **9.** | **Учество на научен собир со реферат** (постер/усно) **(усно, потвдено со сертификат за учество)** | | 1/1,5 | | 1,5/2 | |
| **11.** | Одбранета докторска теза | 1 | 8 | | | **8** |
| **12.** | Одбранета магистерска работа | 1 | 4 | | | **4** |
| **13.** | Учесник во научен проек | | 2 | | 3 | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **59** |
| **Р. Бр** | **Стручно апликативна дејност и организационо развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјата** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| **5.** | **Труд во стручно (научно популарно) списание:** списанието Прилози - Македонско научно друштво - Битола, 2011; 2012 (р.б. 16-18) Зборник на трудови, при Друштвото за наука и уметност Прилеп 2010-2011; (р.б. 14,15) | 5 | 2 | | | **10** |
| **6.** | **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир во земјата** | | 2 | | 3 | |
| **13.** | **Учесник во научен проект** | | 2 | | 3 | |
| **15.** | **Техничко унапредување** | | 2 | | 2 | |
| **17.** | **Елаборати и експертизи** | | 4 | | 8 | |
| **18.** | **Ангажман како експерт од пракса на Економскиот факултет при УГД на кампусот во Штип и Кочани во академската 2016/2017** (Производствен менаџмент, Менаџмент информациони системи и Менаџмент маркетинг) | 6 | 2 | | | **12** |
| **19.** | **Стручни награди и признанија** | | | | | |
| | **ВКУПНО** | | | | | **16** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **81** |